*КРСТЕ РИСТЕСКИ*

# ОГРАНИЧУВАЧКИ ФАКТОРИ НА СЛОБОДАТА НА ВОЕНАТА АКЦИЈА И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ДИНАМИЗИРАЊЕТО НА СПЕЦИЈАЛНАТА ВОЈНА

## НЕКОИ БИТНО НОВИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА СОВРЕМЕНАТА СИЛА

Современата воена сила која по Втората светска војна се развиваше во услови на мошне длабоки општествени противречности, како и во услови на научно-технолошката револуција и револуционерниот развиток на средствата за водење на војна, обуслови современата воена сила да се развие до фантастични размери и да се здобие со некои битно нови карактеристики.

Имено, напоредно со епохалните достигања кои по Втората светска војна беа остварени во областа на природните и техничките науки се развиваше и воено-научната мисла, во прв ред, на големите сили, чии усилби беа насочени главно во два правца на изнаоѓање на определени решенија за што побрза и поефикасна примена на новите научно-технички достигања на воени цели и во правец на изнаоѓање на соодветни решенија за тактичка, оперативна и стратегиска употреба на новите системи на оружја и оружените сили во целост.

Како резултат на овие и ваквите усилби научните и другите институции на големите сили развија мошне голем број сосема нови системи на оружја за масовни уништувања кои доведоа до тоа современата воена сила да се здобие со некои битно нови квалитативни својства.

Во таа смисла најсуштествени промени во квалитативните својства на современата воена сила предизвика појавата на нуклеарното и ракетното оружје и примената на електрониката со некои системи на оружје. Таквиот развој во воено-техничката и технолошка сфера доведоа до тоа современата воена сила да се здобие со таква разурнувачка и уништувачка моќ која не може да се спореди со

ништо слично во минатото. Таа страотно уништувачка моќ на современата воена сила и опасностите што за современата цивилизација произлегуваат од една таква моќ претставува всушност еден сосема нов квалитет на воената сила како средство за разрешување на општествените противречности со кои се судрува современиот свет. Зашто, доколку би дошло до војна во која би биле употребени постојните средства со кои денес располага воената сила, таквата војна не би претставувала само закана за уништување на некој народ, нација, раса или класа, туку таквата војна би претставувала реална закана за биофизичката егзистенција на човекот на нашава планета.

Напоредно со техничката моќ, развиена до огромни размери и потпрена врз најголемите достигнувања на човечкиот ум речиси во сите науки, воената сила и нејзиниот раководен врв сè повеќе израснува во осамостоена и отуѓена сила која настојува на општеството да му наметне некои, за воената сила, карактеристични методи и средства во разрешувањето на се посложените внатрешни и меѓународни проблеми. Оваа појава уште повеќе ја потенцира опасноста што за современата цивилизација произлегува од разурнувачката и уништувачка моќ на современата воена сила, дотолку повеќе што не станува збор само за некоја тенденција во тој правец, туку за една веќе создадена состојба во која доминацијата на воениот фактор во внатрешните и меѓународните односи, особено во блоковската структура е сосема евидентен факт.

Укажувајќи на оваа појава во американското општество, угледниот американско социолог Рајт Милс, меѓу другото, констатира: „...ниту едно подрачје од општествениот живот не е толку изложено на влијанието на воените главешини и нивната воена филозофија, како што е тоа случај со надворешната политика и меѓународните односи".

Имено, една од битните карактеристики на современите меѓународни односи е појавата воената сила и воениот фактор да се појавуваат во улога на основна и главна сила во остварувањето на поблиските и подолгорочните интереси и цели на државната политика. Ваквите настојувања и ваквата практика имаат свое повратно дејство врз политичките односи, кое највидливо се манифестира во подредувањето на вкупните сили и вкупната енергија на општеството во квантитативното и квалитативното јакнење на воената сила, со што уште повеќе се зголемува општествената и политичката моќ на воениот фактор кој од тие позиции настојува на општеството да му се наметне како главен субјект на политичкото одлучување за сите прашања од општествениот живот и меѓународните односи. Во таа смисла воениот фактор постојано врши притисоци врз највисоките политички институции во решавањето на надворешнополитичките односи приоритет да им се даде на воено-стратегиските интереси и цели.

На тој начин е остварена една своевидна спрега меѓу врвот на државната администрација и воениот фактор во која воената сила

и воениот фактор не се само инструмент на државната политика, туку и мошне значаен фактор во креирањето на државната политика, чиј краен резултат е доминацијата на воено-стратегиските сфаќања на интересите и целите во надворешнополитичките односи, а тие и таквите сфаќања по самата своја природа водат кон постојано заострување на општествено-политичките противречности, отворање на нови кризни жаришта во светот, постојана трка во вооружувањето и реална опасност од нови воени конфликти и судири од пошироки размери.

Во врска со ваквата спрега меѓу врвот на државната администрација и воениот фактор, познатиот американски научник и специјалист за меѓународни односи Ростов, во својата студија „Американската стратегија", меѓу другото, вели:

„Нашата воена способност и нашата подготвеност таа способност да ја употребиме во одбраната на нашите витални национални интереси и цели претставува мотор на целата наша цивилна политика".

Таквиот тренд во развојот на современата воена сила доведе до тоа хипертрофираната моќ и бројност на современата воена сила да се појавува не само како последица на објективните општествено-политички противречности со кои се соочува современиот свет, туку и како причина за заострување и продлабочување на тие противречности и постојана продукција на кризни состојби во светот.

Меѓутоа, токму таа хипертрофирана разурнувачка и уништувачка моќ на современата воена сила, како и сознанието дека последиците од нејзината употреба во својот тоталитет би биле катастрофални за натамошниот опстанок на човештвото ја доведоа во прашање рационалноста на употребата на воената сила во нејзиниот тоталитет, како и рационалноста на политичките цели кои би требало да се остварат со таквата нејзина употреба. Имено, со развојот на нуклеарната и ракетната технологија и со спојувањето на тие две компоненти практично беше разрешена противречноста меѓу дострелот и капацитетот на експлозивната моќ на проектилот, која во рамките на воената технологија во минатото претставуваше нерешлив проблем. Меѓутоа, со решавањето на оваа противречност од техничко-технолошка природа, воената сила западна всушност во една друга многу посложена и поопасна противречност од етичка и политичка природа, доведувајќи ја во прашање целесообразноста на војната, а со тоа и целесообразноста на политиката која ја користи војната како свое средство.

Таквиот развој на воената сила во сферата на ракетно-нуклеарното оружје во значителна мера ја намали опасноста од светска нуклеарна војна, но во исто време ја зголеми опасноста од локални и ограничени војни со кои најповеќе се загрозува безбедноста на малите и неврзаните земји.

## ОРИЕНТАЦИЈА КОН ЛОКАЛНИ И ОГРАНИЧЕНИ ВОЈНИ

Натрупувањето на нуклеарното оружје на обата пола на светската конфронтација и воспоставувањето на нуклеарната рамнотежа меѓу водечките блоковски сили кон крајот на педесеттите години очигледно го доведоа човештвото пред една историска алтернатива: или мир и коегзистенција меѓу народите и државите, или војна и самоуништување на човештвото. Меѓутоа, размислувањата на водечките сили се движеа во сосема спротивен правец. Тие, всушност бараа одговор на прашањето како во овие услови на нуклеарна рамнотежа да обезбедат остварување на своите воено-политички цели по пат на сила, а притоа да се одбегне директната конфронтација со спротивната сила.

Решенијата беа најдени во редуцираната, односно во ограничената употреба на воената сила, пред сè, во подрачјата во кои не се доволно јасно издиференцирани интересите на водечките блоковски сили, а тоа се подрачјата на неврзаните земји.

Токму во тој период на чело на американската администрација дојде претседателот Кенеди кој внесе мошне крупн ипромени во дотогашната воено-политичка стратегија на САД. Имено, се до доаѓањето на претседателот Кенеди на власт, САД потпирајќи се во почетокот на нуклеарниот монопол, а подоцна на изразената надмоќ во нуклеарното оружје сметаа дека за остварувањето на американската глобална политика е доволно потенцијалниот противник — Советскиот Сојуз — да го држат под постојана закана и „застрашување" со општа нуклеарна војна. Под притисок на таквите „закани и застрашувања", САД сметаа дека СССР нема да се осмелува да применува сила и со тоа да ја спречува САД во остварувањето на својата политика.

Овој стратегиски концепт беше граден врз основната претпоставка дека СССР е, пред сè, аграрна земја, разурната и опустошена во текот на Втората светска војна и дека за еден подолг временски период нема да успее да произведе нуклеарно оружје.

Меѓутоа, таа претпоставка се покажа сосема нереална, зашто Советскиот Сојуз веќе 1949 година, успеа да изврши први проби со атомско, а 1953 година и со хидрогенско оружје, за во 1957 година, со лансирањето на првиот вештачки сателит, да ја потврди и својата предност во ракетното оружје, а со тоа и способноста со својот нуклеарен потенцијал на противникот да му нанесе неподносливи загуби.

Кенеди и неговите најблиски политички и воени советници ги воочуваат не само промените кои настанале кај потенцијалниот противник, туку и промените во општествените движења во светот, а особено во неразвиениот дел на светот и, во конципирањето на својата нова воено-политичка стратегија, тргнуваат главно од два основни елемента: прво, дека во односите меѓу блоковите настанале крупни промени во таа смисла што противничкиот блок успеал да

создаде своја нуклеарна сила, толку моќна за да може на САД и нејзините европски сојузници да им нанесе неподносливи загуби, и второ, дека во светот е значително зголемен бројот на народноослободителните движења, како и бројот на оние земји кои се стремат кон независност и слобода.

Новото политичко раководство оценува дека крајната неразвиеност на одделни подрачја на светот претставуваат потенцијална опасност од избивање на низа револуции и опасна закана на економските операции и економскиот просперитет на американската невидлива империја. Тие, всушност, оценуваат дека најголема закана за супремацијата на САД не претставува толку офанзивната нуклерна моќ на Советскиот Сојуз, колку револуционерните процеси во земјите во развој и нивното одбивање и понатаму да бидат објект на експлоатација и доминација. Од сето тоа Кенеди и владеачкиот врв на неговата администрација извлекуваат заклучок дека „следната светска војна нема да биде некоја општа конфронтација на силите во Европа, туку пред сè низа ограничени судири во земјите на третиот свет“.

Согласно со ваквите оценки и констатации новата воено-политичка стратегија на Кенеди и неговата администрација требаше да даде одговор во прв ред на прашањето: како и на кој начин САД може да влијае врз светските настани, а во прв ред, во спречувањето на прогресивните процеси во земјите во развој, а притоа да не дојдат во директен судир со потенцијалниот противник — Советскиот Сојуз. Решението беше најдено во примената на локални и ограничени војни.

Согласно со новиот стратегиски концепт, тежиштето на американското воено планирање и воените активности беше префрлено од подготвување за една термонуклеарна војна на подготвување за водење на локални и ограничени војни, како основно средство за сузбивање на народноослободителните и револуционерните движења во неразвиениот дел на светот.

Во новиот стратегиски концепт беа вградени и некои други мерки од невоен карактер кои би имале за цел однатре да ги минираат прогресивните движења во земјите во развој и на тој начин да ги сопрат таквите процеси и да обезбедат нови позиции на САД во овие земји. Всушност тоа се и првите почетоци во изградувањето на стратегијата на специјалната војна како релативно нова воено-политичка концепција.

Новите стратези на Пентагон — Макнамара, генерал Тејлор и голем број врвни научници врзани за Демократската партија кои Кенеди ги доведе во Пентагон — со апостолско одушевување и со полна поддршка на претседателот Кенеди започнаа темелно да го реорганизираат воениот механизам на САД во смисла на изградба на мошне јаки и развиени ненуклеарни сили кои ќе бидат способни да одговорат на секоја закана од револуција во кој и да било дел на светот.

Како директен продукт на новите концепциски погледи и новата воено-политичка стратегија, која влеваше надеж во сигурен успех на секоја воена интервенција и решеноста на САД да им се спротистават на прогресивните и револуционерните процеси во светот, дојде и до директно воено ангажирање на САД во југоисточна Азија, чиј исход ни е познат. Најголемата и најмоќната сила во светот не можеше со сила на оружјето да го покори еден народ. Американското ангажирање во југоисточна Азија, меѓутоа, немаше за цел само воспоставување на доминација во овој регион, туку тоа требаше да претставува „репрезентативен модел" за борба против народноослободителните и револуционерните движења во регионите зафатени со револуции.

Според тоа, ако се тргне од вака поставената цел, поразот на Американците во југоисточна Азија, всушност претставува репрезентативен доказ дека современата воена сила е немоќна да го скрши отпорот и волјата на народот кој е решен и подготвен да се брани.

По поразот во југоисточна Азија, владеачките кругови на САД дојдоа до сознание дека директното воено ангажирање на САД во локалните војни економски ги исцрпуваат, зашто на секој во војната ангажиран припадник на ослободителното движење потрошиле преку 100.000 долари, а политиката на регрутирањето и големите човечки загуби имаат мошне тешки политички последици.

Сето тоа влијаеше по завршувањето на војната во југоисточна Азија, САД донекаде да ја ревидираат својата стратегија на директно американско воено ангажирање и се повеќе да се ориентираат и да ја развиваат стратегијата на т.н. посредно настапување, односно стратегијата на специјална војна.

## СТРАТЕГИЈА НА ПОСРЕДНО НАСТАПУВАЊЕ

Во основата на овој релативно нов воено-политички концепт лежи една генерална идеја — волјата и отпорот на противникот да се скрши без директна примена на масовно оружено насилство. Во тој контекст посматрана оваа идеја не е толку нова, ниту пак оригинална. Уште древниот кинески мислител Сун Цу Ву, кој живеел во V век пред нашата ера во еден свој познат труд, меѓу другото забележил: „. . . во битките не е најголемо достигање да се бориш и да победиш, туку најголемо достигање е противничкиот отпор да се совлада без борба".

Развојот на средствата на водење на војна, како и развојот на општествените односи, објективно доведоа до тоа војната да стане се помалку употребливо средство за совладување на отпорот на противникот, поради што за разлика од класичниот империјализам во кој преовладуваше моделот на територијална експанзија со директно ангажирање на воената сила, во современите меѓународни услови по-

ради низа фактори кои ја ограничуваат слободата на воената акција, тој механизам на поробување и доминација стана многу посуптилен и поперфиден. Затоа, денес наместо оружените сили во првите борбени ешалони на империјализмот маршираат разновидни политички, економски, културни, полувоени и воени организации и институции од национален и меѓународен карактер како носители на преобразени облици на сила и насилство.

Стратегијата на посредно настапување како воено-политички концепт на блоковските сили претставува своевидно отстапување од употребата на сила со кои објективно тие располагаат, меѓутоа примената на оваа стратегија за нив има и низа практични предности:

прво, меѓународно-правниот аспект на ваков вид на насилство и агресија не е дефиниран ниту во еден правен документ на ООН;

второ, тајните канали преку кои се изведуваат овие дејства сè уште не предизвикуваат таков отпор кај меѓународната јавност, како кај оружените агресии;

трето, методологијата и технологијата во спроведувањето на стратегијата на посредно настапување е помалку позната, па и подготвеноста на одбранбените структура сè уште е значително послаба, во однос на нивната подготвеност за водење на војна.

Имајќи ја предвид мошне сложената форма на насилство, односно мошне чувствителната ранливост на повеќето земји од ваквата форма на атакување врз нив, лесно може да се согледа и целта на стратегијата на посредното настапување во рамките на глобалната блоковска конфронтација, која што е двојна: од една страна се настојува да се наруши вкупната рамнотежа на противникот, а од друга страна пак противникот да се натера на тотално исцрпување со неминовно негово настојување за повторно воспоставување на рамнотежата. Основен начин за остварување на така поставените цели е по пат на спроведување на активности од специјалната војна кај противникот постојано да се предизвикува диференцијација и поларизација на политичките сили по пат на индиректно мешање на суперсилите и нивните сојузници во внатрешните работи на другите земји, во прв ред во неврзаните земји, заради нивното пренасочување во правец кој одговара на интересите и целите на империјалистичките и хегемонистичките сили, како и директно пресметување со спротивниот блок. Така на пример САД од пред неполни четири години презедоа активност на водење на т.н. „економска војна" против источноевропските социјалистички земји, гледано низ отвореното истапување на американскиот претседател Реган кој за време на својата европска турнеја во 1982 година ја изнесе својата прогноза дека до крајот на овој век „овој континент ќе го остави марксизмот -ленинизмот на буништето од историјата", што всушност беше навестено, само во друга форма, уште за време на изборната кампања, кога истакнати лидери на Републиканската партија зборуваа за почетокот на „конзервативната револуција", за „почетокот на крајот

на комунизмот" и тн., нудејќи му на „советското раководство" да бира за преобразбата на комунизмот „помеѓу војна и мирно решавање" и сл.

Во одбирањето на објектите и целите на стратегијата на посредно настапување значајно место има надворешнополитичката ориентација на одделни земји, односно во која мера тие се пречка во остварувањето на глобалните интереси на суперсилите и нивните сојузници. Во тој контекст посматрано, Југославија со својот самоуправен социјалистички систем, со своето место и улога што ја има во движењето на неврзаните и со својата специфична и мошне чувствителна геостратегиска положба претставува постојан објект на најразновидни активности на стратегијата на посредно настапување и специјалната војна.

*KRSTE RISTESKI*

## LIMITED FACTORS OF FREEDOM OF MILITARY ACTION AND THEIR INFLUENCE ON DINAMIZING OF THE SPECIAL WAR

Summary

The military force in present day conditions takes fantastic proportions getting new characteristics. This in fact is a result of the new systems of weapons and the application of electronics in controlling with some systems of weapons.

Such a destructable power enables a new quality of the military force as means for solution of the social contradictions of the contemporary world.

As a result of this in the international contemporary relations the military power turns up in a role for realisation of the nearer and long-term interests and aims of the state policy, confirming with no doubt the relation between the high state administration and the military factor where the military force is not only an instrument of the state policy but also a factor in creation of the state policy, whose final result is the domination of the military and strategic understanding of the interests and aims of the external political relations which gives rise to new crisis, a permanent competition in arming and a real danger from new armed confrontations.